**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ**

# ПОСЕБЕН ИЗВЕШТАЈ

**од согледување на состојбата со правата на деца и лица сместени во институционална и вон-институционална форма на згрижување и обезбедената заштита во време на пандемија од Ковид-19, во периодот, крај на март и почеток на септември 2020**

**Септември, 2020**

## ВОВЕД

Народниот првобранител, согласно член 2 и член 11-б од Законот за народниот правобранител („Службен весник на РМ“бр.60/03,114/09,118/16, 189/16 и 35/18), врши превенција и обезбедува посебна заштита на правата на децата и лицата со попреченост. Посебното одделение во рамки на овој орган, покрај постапувањето по претставки ја следи состојбата со остварувањето на правата на оваа категорија граѓани, имајќи ја предвид нивната ранливост, и следствено изготвува Посебни извештаи со препораки за подобрување на констатираните состојби.

По прогласување на вонредна состојба[1] а заради заштита и справување со последиците од коронавирусот Ковид-19, на крајот на март 2020 година, Народниот правобранител достави **Препорака до Владата на Република Северна Македонија, за заштита на ранливите категории во услови на пандемија од Ковид-19**, укажувајќи дека во услови на вонредна состојба, надлежните институции потребно е да ги засилат активностите на следење на состојбите, професионално и навремено да постапуваат, при што мерките и активностите кои се преземаат да бидат утврдени во јасни и конкретни Протоколи, кои ќе превенираат каква било форма на повреда на човековите права.

Потсетувајќи дека децата, старите и изнемоштени лица, лицата со попреченост, социјално загрозените лица, лицата/семејствата кои живеат во субстандардни услови и бездомниците стануваат уште поранливи во овие услови кога мерките и активностите се насочени кон превенирање од натамошното ширење на коронавирусот, особено го акцентира социјалното дистанцирање како мерка која несомнено влијае на севкупната состојба кај овие граѓани, при што стресот е особено изразен кај децата, старите и изнемоштени лица, лицата со попреченост, социјално загрозените лица и бездомниците, како лица кои се со послаб имунитет, а некои од нив и со придружни заболувања, со што спаѓаат во високо ризичната група, кај кои може да дојде до сериозни здравствени проблеми доколку се разболат од овој вирус.

[1]Претседателот Стево Пендаровски на 18.03.2020 донесе одлука за постоење на вонредна состојба, откако претходно Владата достави предлог за прогласување на ваква состојба, која првично беше во траење од 30 дена, а потоа истата во неколку наврати се продложуваше и траеше до 29.05.2020, па повторно во времетраење од осум дена, почнувајќи од 15 јуни 2020 година до 22 јуни 2020

Народниот правобранител препорача Владата на РСМ да обезбеди целосна и континуирана грижа и помош на горенаведените категории граѓани, вклучително и на децата и лицата со попреченост, како и правилно и навремено информирање за состојбите со активностите кои се преземаат преку средствата за јавно информирање, при што информациите во медиумите задолжително да бидат обезбедени на знаковен јазик и во пристапен формат, вклучително и пристапни дигитални технологии, и/или со користење лесно разбирлив и едноставен јазик, како и визуелна поддршка.

Следствено, препорача надлежните институции да обезбедат и спроведуваат јасни протоколи за постапување во случај кога граѓани од споменатите категории ќе заболат, а особено доколку се работи за лице со попреченост. При тоа, потенцира дека е од особена важност сите овие категории особено лицата со попреченост да имаат еднаков пристап до здравствена заштита и услуги на рамноправна основа со другите, односно сите здравствени мерки за заштита на животот и третман не смеат да бидат дискриминаторски, по ниту еден основ.

Народниот правобранител препорача и преземање мерки и активности за зајакнување на грижата за деца во ризик по различни основи, со идентификација на причинителите на ризици, каде е можно, како и мониторинг на децата во ризик од експлоатација, насилство, злоупотреба и несоодветна грижа. Понатаму, препорача преземање на дополнителни мерки и активности заради осигурување дека онлајн настава (наставата со далечинско учење) е достапна за секое дете, заради остварување на правото на непречено образование, затоа што недостигот на финансиките средства и технолошките можности може да бидат пречка секое дете/семејство да биде вклучено во новиот начин на воспитно-образовна надградба, имајќи ги притоа предвид и потребите на децата со попреченост, како во посебните училишта така и во инклузивното образование.

Народниот правобранител, исто така, препорача преземање на дополнителни мерки за социјална заштита на овие граѓани, со цел да се обезбеди континуитетот на нужната поддршка за лицата со пореченост и нивните семејства на безбеден начин и во текот на кризата, при што свесен за предизвиците во однос на обезбедување на финансиска поддршка на севкупните активности за справување со коронавирусот Ковид-19, но имајќи ја

предвид положбата и ранливоста на децата и лицата со попреченост, како и обврската за обезбедување навремена, целосна и соодветна грижа и поддршка препорача преземање мерки за дополнителна финансиска помош, со цел намалување на ризикот од дополнителна ранливост и сиромаштија. Во таа насока, препорача формирање на специјализирани сервиси кои ќе нудат директна поддршка на децата и лицата со попреченост и нивните семејства, односно обезбедување на социјални и здравствени сервиси наменети за овие лица, кои би вршеле и набавка на лекови, намирници, храна и хигиенски средства и друго.

Народниот правобранител ја истакна важноста од воспоставувањето на специјализирани сервиси и услуги од страна на стручни лица (лекари, специјални едукатори и рехабилитатори, психолози, психотерапевти и специјалисти од други области), со цел да се обезбеди потребната психо-социјална поддршка на оваа категорија граѓани, користејќи современа технологија и навремено укажување на потребната помош, со што би се придонело за намалување на последиците од социјалната изолација.

Имајќи предвид дека децата и лица со попреченост кои се сместени во инстититуции (јавни установи за социјална заштита или здравствена установа), или се корисници на вон-институционална форма на згрижување (згрижувачко семејство, мал групен дом или станбена единица за организирано живеење со поддршка), а во услови на прогласена пандемија од Ковид-19, со особен фокус на времетраењето на прогласената вонредна состојба, Народниот правобранител одлучи за потребно да ја согледа состојбата на овие лица и начинот на остварување нанивните права, во однос на заштита и превенција од вирусот.Потребата од ваквата евалуација се наметна, од причина што децата и лица со попреченост сместени во установа или во вон-семејна форма на згрижување, стануваат уште поранливи во услови на здравствена и економска криза предизвикана одкоронавирусот.

Во корелација со изложеното, а заради правилно и целосно согледување на фактичката состојба и објективно постапување и одлучување, Народниот правобранител согласно член 24, став 1 од Законот за народниот правобранител(Службен весник на РМ бр.60/03, 114/09, 118/16, 189/16 и 35/18), писмено се обрати до Јавните установи во кои се сместени деца и лица со попреченост, Јавната установа која врши услуга сместување на деца со

воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение, како и до Јавните здравствени установи - Психијатриски болници[2], и побара информација за преземените мерки од страна на установите, влијанието на донесените и усвоени мерки од страна на Владата на РСМ врз грижата за овие лица и работата на установите, податоци за евентуално заболени или лицаво самоизолација од редот на персоналот и од корисниците, како и информација за начинот на кој се реализираат посетите и комуникацијата на корисниците со нивните родители/старатели и блиски роднини.

Сите Јавни установи во дадениот рок ги доставија написмено бараните информации и податоци, акои се однесуваа на периодот март - мај, и истите се презентирани во овој Посебен извештај. Дополнително, во два наврати (на почетокот на јуни и на почетокот на септември), Народниот правобранител телефонски се обрати со истите прашања до установите, со цел во подолг временски период (сé до објавувањето на извештајот) да ја следи состојбата и евентуалните промени во истата.

Исто така, Народниот правобранител на почетокот на јуни писмено се обрати до сите 30 (триесет) ЈУ Меѓуопштински центри за социјална работа во Република Северна Македонија, во чија надлежност се вон-институционалните облици на социјална заштита, односно згрижувачките семејства, и побара информација за тоа како центрите ја следат состојбата за заштита на корисниците сместени во згрижувачки семејства од ширење на вирусот Ковид-19,какви мерки се преземаат заради превенција и заштита од вирусоти дали имаат сознанија во однос на бројот на заболени лица во згрижувачките семејства. Покрај ова, побара информации за тоа дали во сите згрижувачки семејства каде има корисници кои се во образовен процес имаше услови за непречено следење на онлајн наставата, во смисла пристап до технологија и интернет. Во период од јуни до крајот на август, беа доставени одговорите од сите центри за социјална работа.

[2]Барањето на информации беше доставено до: ЈУ Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско-Струмица, ЈУ Специјален завод Демир Капија, ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци-Скопје (Топанско поле) и ЈУ за згрижување деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение Скопје, како и до ЈЗУ Психијатриска болница „Негорци“, ЈЗУ Психијатриска болница „Скопје“, ЈЗУ Психијатриска болница „Демир Хисар“.

Дополнително, Народниот правобранител постапувајќи по предметот се обрати со Барање објаснувања, информации и докази до Министерството за образование и наука (МОН) и до Министерството за труд и социјална политика (МТСП) со цел утврдување во чија надлежност беше обезбедувањето на технички уреди и интернет кај згрижувачките семејства на деца кои се на училишна возраст, а во врска со можноста за следење на наставата организирана преку далечинско учење (онлајн настава).

**1. Анализа на добиените одговори**

## 2.1. Анализа на одговорите добиени од ЈЗУ Психијатриски болници

### *2.1.1.<u>ЈЗУ Психијатриска болница „Скопје“ – Скопје</u>*

Во доставениот одговор од ЈЗУ Психијатриска болница „Скопје“ добиен на30.04.2020 е наведено дека вкупниот број на вработени во ЈЗУ Психијатриска болница „Скопје“ е 335, од кои 162 се здравствени работници (39 доктори специјалисти, 2 доктори на специјализација, 121 медицински сестри/ техничари), а дополнително во негата на болните се вклучени и 45 болничари. Во моментот на доставување на одговорот на болничко лекување биле 282 пациенти.

Заради превенција на ширење на болеста преземени се бројни мерки меѓу кои и вонредна дезинфекција на сите простории во болницата. Навремено била обезбедена доволна количина заштитна опрема за здравствените работници, соработници и техничко-административниот персонал. Биле набавени дополнителни количини на дезинфекциски средства, средства за хигиена на раце на база на алкохол.

Од Установата известуваат дека до моментот на добивање на дописот, немало заболени од Ковид-19 ниту помеѓу персоналот, ниту помеѓу пациентите, а поради забраната за посета дадена од Министерството за здравство, контактите на пациентите со нивните блиски се остварувале по телефонски пат. Дополнително, известуваат дека ги следеле сите препораки дадени од Министерството за здравство, СЗО и други релевантни институции,

и дека била воспоставена постојана комуникација со надлежните во Министерството за здравство, а со цел координација на работата на психијатриските одделенија и служби бил назначен и национален координатор.

Во телефонскиот контакт остварен со оваа установа, во јуни 2020 година, беше добиена информација дека нема промени во однос на здравствената состојба кај пациентите и вработените, но потоа во септември добиени се информации дека имале вкупно 3 случаи на болни од Ковид-19 кои се препратени на болничко лекување во Градска општа болница „8 Септември“. Дополнително се појаснува дека за новопримени пациенти задолжително се зема епидемиолошка анкета и се прават ПЦР тестови, извесен период се сместени во соба за изолација, а потоа се преместуваат во соби со други пациенти.

### *2.1.2. <u>ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар</u>*

Во доставениот одговор од ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар,добиен на 05.05.2020 г., е наведено дека вкупниот број на вработени во болницата е 262, од кои 229 се во редовен однос, 31 лице со договор на определено време и 2 лица со договор на дело. Во моментот на одговарањето во болницата биле хоспитализирани 250 пациенти, а екстрахоспитално имале 269 пациенти.

Чистење и дезинфекција вршеле секојдневно, согласно протоколи за чистење и дезинфекција. Била извршена вонредна дезинфекција-дератизација-дезинсекција од страна на Центарот за јавно здравје Битола на почетокот на април, како и вонреден инспекциски надзор од страна на Државниот здравствен и санитарен испекторат. Лична заштитна опрема била навремено набавена во доволни количини, а наведуваат дека истата постојано се надополнувала.

Во моментот на доставување на одговорот имало еден потврден случај позитивен на Ковид-19 (медицинска сестра) која била на домашно лекување. Исто така, еден од специјалистите психијатри извесен период бил во самоизолација поради контакт со друг позитивен, но по добиени два негативни теста, вратен е на работа. Било издадено решение за изолација на 21 лице, а 16 биле тестирани. Од оваа јавна здравствена установа се известува дека

немало други вработени, ниту пак пациенти, кои биле заболени или во самоизолација, како и дека посетите на пациентите биле забранети, а контакт со своите блиски одржувале телефонски.

Во телефонскиот контакт остварен во јуни со оваа установа беше добиена информација дека нема промени во однос на здравствената состојба кај пациентите и вработените, но потоа во септември изјавија дека имале вкупно 26 заболени пациенти, од кои двајца починале, 17 добиле втор негативен тест, а 8 чекаат на добивање втор негативен тест. Покрај ова, имале неколку заболени и/или во изолација од вработените, кои во меѓувреме се излечени и вратени на работа, со исклучок на една хигиеничарка која е во домашна изолација. Исто така, појаснија дека набавени се скафандери за еднократна и повеќекратна употреба, маски, визири, каљачи, ракавици, како и УВ ламба за стерилизирање на просторот.

### ***2.1.3. <u>ЈЗУ Психијатриска болница Негорци</u>***

Во одговорот од ЈЗУ Психијатриска болница Негорци,добиен на 27.04.2020 г., е наведено дека вкупниот број на вработени во болницата е 99, од кои 50 како даватели на услуги, 44 како помошно-технички кадар и 5 административни службеници. Во моментот на одговарањето имале вкупно 205 пациенти.

Установата известува дека просториите каде се сместени пациентите како и другите простории во болницата редовно, секојдневно се дезинфицирале. Болницата имала доволна количина на заштитни маски, ракавици, скафандери, мантили, капи, каљачи и средства за хигиена и дезинфекција, а поради настанатата ситуација набавена била и дополнителна количина од истите.

Согласно одговорот, немале вработени лица кои биле заболени од Ковид-19 ниту во самоизолазација. Истото го искажуваат и за пациентите, со дополнување дека биле тестирани три пациенти сомнителни на Ковид-19, а за време на чекањето на резултатите (кои се докажало дека се негативни) биле сместени во простории за изолација. Посетите на пациентите биле забранети, а контакти со блиските остварувале телефонски, а по пошта примале пакети. Покрај ова, наведуваат и дополнителни мерки кои биле преземени од нивна

страна, односно дека бил формиран тим од доктори и медицински сестри кои следеле онлајн обука за Ковид-19 и потоа го дисеминирале стекнатото знаење на останатиот персонал; обезбедени биле соби за изолација; направена била процедура за постапување во случај на прием на пациент суспектен или заболен од Ковид-19.

Од остварениот телефонски контакт со установата во јуни и септември, добиена е информација дека имале 10 вработени кои биле во самоизолација, но кои по направен и добиен негативен тест се вратени на работа. Појасниија дека при прием на нови корисници,по протокол истите прво одат во изолација, а после извесен период се сместуваат заедно со други пациенти. Во случај на покачена температура кај некои од пациентите повикуваат епидемиолог.

## 2.2. Анализа на одговорите добиени од ЈУ за сместување

### *2.2.1. <u>ЈУ Специјален завод Демир Капија</u>*

Во одговорот од оваа Јавна установа доставен на 07.05.2020 г. е наведено дека во Заводот имаат сместено вкупно 207 корисници – лица со тешка и длабока интелектуална и физичка попреченост и комбинирани пречки.

Согласно препораките на Министерството за здравство и Комисијата за заразни болести, а со цел почитување на превентивните мерки од ширење на короноавирусот, во Установата била формирана интрахоспитална комисија за превенција од заразни болести, која донела строга забрана за влез во установата од страна на невработени лица. Оваа забрана важела и за посетителите на корисниците (нивни старатели/роднини) во врска со која биле информирани надлежните центри за социјална работа и роднините на корисниците.

За сите потреби и промени во врска со корисниците, надлежните Центри и родителите/старателите биле контактирани телефонски или по електронски пат. Установата била во интензивна редовна комуникација со Државниот санитарен инспекторат од регионот, од каде добивале насоки за постапување и работење во ситуација на пандемија.

Одговорните вработени лица по одделите во установата биле задолжени да ја следат здравствената состојба на корисниците и вработените

при соодветните оддели, и при евентуално пројавување на некој/и симптом/и, биле задолжени веднаш да пријават на главните медицински сестри вработени во установата, или да ги упатат вработените да се јават на матичниот лекар за понатамошно иследување. Бил набавен бесконтактен топломер и на секој вработен или дистрибутер (на храна или материјали кои вршат редовна достава во установата) при влез во установата му била мерена температура.

Се одржувала редовна хигиена на секој оддел во установата, а координаторите по одделите и главните медицински сестри биле задолжени да прават редовна контрола на нивото на хигиена во целата установа. Сите вработените задолжително требале да носат лична заштитна опрема за време на работата. По препорака на матичниот лекар, било забрането излегување на корисниците надвор од установата, а координаторите на одделите и негователите биле задолжени циркулацијата на корисниците од еден кон друг оддел, да ја сведат на минимум. Исто така по препорака на матичниот лекар, била воведена 24 часовна сменска работа, со цел да се намали циркулацијата и на вработените во текот на денот. Вработените кои на работа во установата доаѓале од околните градови (Неготино и Кавадарци) ги транспортирале со возило на установата, како би се избегнало користење на средства за јавен превоз.

Од установата се известува дека располале со доволна количина заштитна опрема и средства за дезинфекција кои биле обезбедени од страна на меѓународните организации УНДП и УНИЦЕФ, а во соработка со МТСП, а во моментот на доставување на дописот пријавуваат дека немало случај на заболен ниту од вработените, ниту од корисниците.

Инаку, во рамки на установата функционираат и 5 станбени единици (мали групни домови) од кои 2 во Скопје, 2 во Општина Неготино и една во општина Демир Капија, каде вкупно се сместени 21 корисник. И во малите групни домови биле преземени мерки за превенција и заштита од коронавирусот, а кои најмногу се однесувале на вршење редовна дезинфекција и проветрување на просторот, користење на заштитна опрема од страна на вработените. Воведени биле 12 часовни смени на вработените, редовно се контактирало со матичните лекари на корисниците, била зајакната исхраната кај корисниците во смисла воведување на храна богата со витамини.

Во телефонските контакти остварени во јуни и септември добиени се информации дека нема особени промени во однос на здравствената состојба, односно дека немаат ниту заболени, ниту во изолација корисници и вработени. Истакнаа дека направиле промена на должината на работното време на негователскиот кадар кој започнал со сменска работа од 12 часа (наместо 24 часа) и дека добиена е донација (како дел од проект поддржан од страна на Европската Унија) на средства за дезинфекција, опрема за лична заштита и УВ-Гард уред за дезинфекција на внатрешни простории.

### ***2.2.2. <u>ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци Скопје (Топанско поле)</u>***

Во одговорот од оваа установа добиен 20.05.2020 г., се наведува дека установата има 71 вработени и 70 корисници, од кои 29 се институционално сместени, додека останатите користат право на дневно згрижување.

Според одговорот, откако започнала вонредната состојба, со работа била прекината службата за дневно згрижување, како и Службата за професионална рехабилитација, па целокупната работа во установата се одвивала во интернатот со погоренаведените 29 сместени корисници.

Била извршена комплетна дезинфекција, дезинсекција и дератизација на интернатот, направено било генерално чистење и редовно се одржувала хигиена на просториите со средства за дезинфекција, а биле обезбедени и заштитни средства (маски, ракавици, гелови) за вработените и за корисниците.

Во Установата немало заболени ниту од редот на вработените, ниту од корисниците, а само еден вработен бил во самоизолација во траење од еден месец (поради патување во странство). Контактите со родителите/старателите на корисниците се остварувале по телефон и видео повици.

Во телефонскиот контакт извршен во јуни и септември2020 година, добиена е информација дека во установата е направена соба за изолација, две надворешни капии се затворени со цел спречување на контакт со лица од околината, дезинфекција во просториите за престој, заедничките простории, како и реквизитите во дворот на установата, се врши повеќе пати во текот на седмицата.

### 2.2.3. ***ЈУ Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско***

Во дописот добиен од оваа установа на 29.04.2020, е наведено дека установата има вкупно 41 корисник, а дополнително 9 корисници се сместени во станбени единици за поддржано живеење во заедницата.

Наведуваат дека преземени биле сите мерки за заштита од вирусот, со редовно дезинфицирање на просториите во кои се сместени корисниците, секојдневно чистење на собите и работните површини, а еднаш неделно се вршела генерална дезинфекција. Покрај ова, во установата редовно се вршела достава на средства за дезинфекција, заштитни маски и ракавици до станбените единици, кои биле набавени во доволни колични, а обезбедени од самата установа или преку донации.

Одржувањето на контакти на корисниците со родителите/старателите /роднините се одвивало преку телефон, или надвор од самата установа, но со задлолжително почитување на мерките за социјална дистанца и користење на заштитна опрема.

Во моментот на изготвување на дописот (одговорот) не наведуваат случаи на заболени лица, ниту помеѓу вработените, ниту помеѓу корисниците, а истото важи и во однос на лица кои се во самоизолација.

Во телефонски остварениот контакт во јуни и септември истакнаа дека нема промени во однос на состојбата која ја презентираа во претходниот допис, информирајќи притоа дека оваа јавна установа добила дополнителни залихи на средства за хигиена и дезинфекција преку UNDPи Црвен крст.

### 2.2.4. ***ЈУ за згрижување деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение – Скопје***

Во доставениот допис од страна на погоренаведената установа (добиен на 27.04.2020 г.), е наведено дека вкупниот број на корисници во Службата за заедничко живеење на деца со воспитно социјални проблеми е 25 и истите се сместени во вкупно 5 организациски единици, додека бројот на корисниците во Службата за заедничко живеење на деца со нарушено поведение е 8 и истите се сместени во 2 организациски единици.

Наведуваат дека како установа излегувале во пресрет на потребите на вработените во малите групни домови (давателите на услуги и воспитниот кадар) кои имале деца до 10 годишна возраст, иако немале обврска да ги ослободат од работа, но дека успешно ги балансирале смените со кадарот кој им бил на располагање, така што квалитетот во обезбедувањето на услугите не бил намален, односно не се одразило на работата во единиците.

Корисниците на услугите кои биле вклучени во редовен образовен процес следеле онлајн настава, а за истото имале обезбедено комјутери и интернет, па така наставата се реализирала непречено.

Била направена дезинфекција на сите станбени единици, од страна на Центарот за јавно здравје, а на барање на установата со практика на дезинфекција се продолжило еднаш неделно. Во сите мали групни домови била обезбедена доволна количина на заштитни маски, ракавици, гелови за дезинфекција и дезинтали за чистење на просториите. Установата во два наврати ги обезбедила овие средства од сопствени фондови, а дополнително добила донација од Црвен крст.

Известуваат дека, до моментот на пишување на дописот немале заболени ниту корисници, ниту вработени.

Контактите помеѓу децата од установата и нивните родители/старатели биле сведени на минимум, но истите сепак се одржувале, во простории на установата, а во согласност со препораките на Министерството за здравство.

Во дописот, како и во директните контакти со Народниот правобранител потоа (во јуни и септември), истакнаа дека службено назначените старатели остварувале спорадичен контакт со корисниците, при што исклучиво телефонски бил контактот, а дека во ниту еден момент старателите не оствариле посета, иако децата кои се сместени во оваа установа се високо ризични, склони кон чести бегства и асоцијално однесување. Дополнително појаснуваат дека го дефинирале начинот на постапување по враќањето на деца од бегство, согласно препораките на Министерството за здравство, а во соработка со Министерството за труд и социјална политика и УНИЦЕФ биле изготвени интерни процедури за постапување во вакви случаи, кои се однесуваат на сместување во посебни соби за изолација и итно правење на ПЦР тестови.

## 2.3. Анализа на одговорите добиени од ЈУ Меѓуопштински центри за социјална работа

Анализата на добиените одговори од центрите за социјална работа го покажува следново:

Повеќето центри само телефонски ја следеле состојбата во однос на заштита на корисниците сместени во згрижувачките семејства.

Повеќето центри се изјасниле дека на згрижувачите била должноста да се грижат за обезбедување на средствата за заштита од вирусот (заштитни маски, ракавици, средства за дезинфекција и сл.) за корисниците, а многу малку центри навеле дека дополнителни средства биле обезбедени преку Црвен крст и други донатори кои донирале пакети храна, хигиенски материјали и средства. Воглавно наведуваат дека самите згрижувачки семејства се грижеле ваквите средства да ги имаат во доволни количини.

Од страна на Центарите за социјална работа се известува дека биле преземени мерки за дезинфекција на просториите во домот од страна на самите згрижувачи, при што поголем дел од центрите дадоа одговор дека не се запознаени со тоа на колку време и на кој начин се врши дезинфекцијата.

Во однос на прашањето дали во сите згрижувачки семејства каде има корисници кои се во образовен процес, имало услови за континуирано следење на онлајн настава, од 10 центри за социјална работа е добиен податок дека биле обезбедени СИМ картички со вклучен интернет за оние семејства кои претходно немале пристап до интернет, додека 13 центри одговориле дека во згрижувачките семејства немало особени проблеми кои се однесуваат на образовниот процес во услови на учење од далечина. Останатите центри даваат одговор дека немаат згрижени деца кои се во образовен процес.

Сите центри за социјална работа одговориле дека немале случај на заболени лица од Ковид-19 од членовите на згрижувачко семејство или од корисниците, ниту пак пријавуваат за лица кои биле во самоизолација.

Оние корисници кои и претходно имале контакти со родители/роднини продолжиле со повремени контакти кои се остварувале телефонски, бидејќи директни видувања и посети биле забранети и не се реализирале.

Повеќето од центрите одговориле дека немале случај на сместување на корисник/лице во згрижувачко семејство во период на траење на прогласената

вонредна состојба, освен ЦСР Скопје каде имало 8 нови, ЦСР Битола со 3 нови и со по еден нов корисник во ЦСР Велес, Кавадарци, Кичево и Тетово. Истовремено, мал број на центри соопштија дека во периодот на прогласената вонредна состојба имале случаи на престанок на згрижувањето, поради законски предвидените услови за престанок на згрижувањето. Вакви случаи се пријавени само кај ЦСР Скопје, Кавадарци и Велес.

## 2.4. Анализа на одговорите добиени од Министерството за образование и наука и Министерството за труд и социјална политика

Од Министерството за образование и наука (МОН) известуваат дека имале сознанија дека поголем број на ученици од различни причини не биле во можност да следат настава со далечинско учење. Справувањето со оваа состојба било на различни начини.

Имено, голем број училишта презеле активности за проверка на функционалноста на лаптопите со кои располагале училиштата добиени од проектот „Компјутер за секое дете“ и функционалните лаптопи им биле позајмени на децата кои немале ИТ опрема за да можат да продолжат со наставата. Одредени училишта пак, преку донации обезбедиле таблети и компјутери за учениците во социјален ризик.

Обезбедувањето на ваучерите, односно интернет картичките наменети за социјално загрозените семејства со деца вклучени во образовниот процес се вршело преку Министерството за труд и социјална политика (МТСП) и Министерството за информатичко општество и администрација.

Дополнително во дописот наведуваат дека од МТСП биле информирани дека интернет картичките како донација од Телеком биле доделени преку Министерството за труд, на семејства кои се приматели на гарантирана минимална помош и образовен додаток. Следствено, информираат дека вкупно 150 интернет картички биле доделени на деца згрижени во згрижувачки семејства, како и дополнителни 15 интернет картички на бездомни семејства кои се опфатени со формата на поддржано живеење во Визбегово.

Од друга страна, пак, од Министерството за труд и социјална политика известуваат дека обезбедувањето на услови за непречено следење на онлајн настава од страна на корисниците сместени во вон-семејна социјална заштита

(згрижувачко семејство, мал групен дом или организирано живеење во поддршка), како и за деца/семејства кои имале ограничена или пак, немале пристап до технологија и/или интернет, била овозможена преку соработка со УНИЦЕФ и граѓански организации, како и дека биле преземени низа други активности со цел обезбедување на помош и поддршка за децата со попреченост.

Во дописот наведуваат дека за сместените деца во згрижувачките семејства, стручните служби на центрите за социјална работа обезбедиле интернет картички, а стручните работници во соработка со граѓански организации давале поддршка на децата и згрижувачите за полесно спроведување на онлајн наставата. Според одговорот, Министерството за информатичко општество склучило Договор за донација на картички за мобилен интернет кои во координација со Министерството за образивание и Министерството за труд и социјална политика, преку центрите за социјална работа биле доделени до крајните корисници.

Според податоците добиени од центрите за социјална работа, биле доделени 12304 картички на повеќе категории загрозени граѓани, а критериумите за селекција на семејствата кои добиле картички биле: да се корисници на гарантирана минимална помош, образовен и детски додаток или згрижувачко семејство.

Понатаму, известуваат дека согласно добиените податоци од центрите за социјална работа, таблети се донирани во неколку градови како донација од градоначалниците на општините или од граѓански организации. Па така, ЦСР Велес доделил таблети на 34 деца сместени во згрижувачки семејства, како донација од граѓанска организација, а исто така на 30 семејства во ризик биле доделени таблети – донација од општина Велес. На територија на општина Берово, преку Ромски едукативен фонд биле доделени 15 таблетиза ученици во основно образование. Во Делчево биле донирани 10 таблети во две основни училишта – донација од градоначалникот на општина Делчево, а во Крушево биле доделени 30 таблети како донација од градоначалникот на општината за социјално загрозени и многудетни семејства.

## 3. Заклучни согледувања и препораки

Народниот правобранител анализирајќи ги одговорите од надлежните органи и Јавните установи го констатира следното:

Во Јавните установи во кои се сместени деца и лица со попреченост, Јавните здравствени установи, како и од Јавни установи кои вршат услуги сместување на деца со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение биле преземени потребните мерки за заштита и превенција од ширење на вирусот Ковид-19.Согласно Протоколите, секојдневно се дезинфицирале просториите во кои се сместени корисниците и работните површини, навремено и континуирано се обезбедувале средства за дезинфекција и заштитната опрема со вршење набавка од страна на установите или како донација од разни организации.

Понатаму, во некои од установите биле воведени/преземени дополнителни мерки, како на пр. Формирани се тимови кои поминале обука за Ковид-19, обезбедување засебни простории за изолација, донесени процедури за постапување во случај на прием на пациент суспектен/заболен со Ковид-19, вонредна дезинфекција, дезинсекција и дератизација и сл.

Слествено, забраната за посети на корисниците во јавните установи и пациентите во Психијатриските болницибила почитувана и истата важела за време на вонредната состојба, но и потоа, а контактите на корисниците со родителите/старателите и блиските роднини се остварувале по пат на телефонски и видео разговори.

Констатирано е дека во некои од установите биле извршени промени во организацијата на работата поради намалување на вработениот кадар, а заради користење на донесените мерки од страна на Владата на РСМ, кои се однесуваа на ослободување од работни обврски на лица кои имаат дете до 10 години, како и бремени жени и хронично болни лица, но овие организациски промени не се одразиле врз квалитетот на работата со корисниците/пациентите.

Позитивни и болни од Ковид-19 имало само во две јавни здравствени установи, кои овој податок го соопштија во септември. Во едната установа имало 3 случаи на болни од Ковид 19, а во другата установа вкупно 26 заболени пациенти од кои двајца завршиле со смртен исход. Понатаму, во три јавни установи (една јавна здравствена установа во Негорци, и две јавни

установи во Скопје) имало суспектнипациенти кои биле тестирани и ставени во просторија за изолација сè до добивање на резултати од тестирањето кои биле негативни, како и неколку вработени лица кои биле во самоизолација, поради патување надвор од државата или контакт со заразено лице.

Корисниците од ЈУ за згрижување деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение имале можност за непречено следење на образовниот процес преку далечинско учење.

Во однос на корисниците сместени во згрижувачки семејства, од одговорите на Меѓуопштинските центри за социјална работа произлегува констатацијата дека повеќето центри за социјална работа телефонски ја следеле состојбата во однос на заштита на корисниците сместени во згрижувачките семејства. Додекаобезбедувањето на средствата за дезинфекција, како и реализацијата на мерките поврзани созаштита од вирусот била оставена во надлежност на самите згрижувачи. Децата во згрижувачките семејства немале особени проблеми кои се однесуваат на образовниот процес во услови на учење од далечина, а за оние семејства кои немале пристап до интернет им биле обезбедени СИМ картички со вклучен интернетдодека технички уреди (компјутери, таблети и сл.) во неколку градови биле поделени на социјално загрозени семејства со деца, како донација од градоначалниците на општините или од граѓански организации.

Во ниту еден Центар за социјална работа немало пријавен случај за заболени лица од Ковид-19 од членовите на згрижувачко семејство или од корисниците, ниту пак, лица кои биле во самоизолација.

Од друга страна, прелиминарните студии направени во врска со влијанието на Ковид-19 врз децата/лицата сместени во социјалните установи за институционална грижа, или во психијатриските установи, како и во домовите за стари лица, покажуваат дека коронавирусот има непропорционално зголемено влијание врз овие лица што резултира со високи стапки на инфицирање од вирусот, за жал и со смртни последици.[3]

Генерално, институционализираните лица со попреченост се соочуваат со зголемен ризик да се заразат со Ковид-19 поради основните услови за живеење во установите во кои се сместени, тешкотиите во спроведувањето на

---

[3]https://www.ohchr.org/Documents/Issues/Disability/COVID-19_and_The_Rights_of_Persons_with_Disabilities.pdf

социјалното дистанцирање меѓу корисниците и вработените, како и поради намалување на бројот на персоналот одговорен за нив, поради Владините мерки или поради здравствената состојба кај самите вработени.

Децата/лицата што живеат во институции, исто така, се соочуваат со поголем ризик од кршење на човековите права, истовремено правејќи ги подложни на занемарување, ограничување на основните слободи, изолација и насилство.

Имајќи го предвид сето погоре изложено, Народниот правобранител во насока на подобрување на заштитата на правата на децата и лицата опфатени во институционална или вон-институционална форма на социјална заштита, како и во јавните здравствени установи – психијатриски болници ги дава следниве **препораки**:

Службено назначените старатели на деца/лица сместени во јавните установи целосно и посветено да ја исполнуваат својата старателска улога, постојано и во континуитет, а особено за време на новонастанатата ситуација на пандемија од Ковид-19.

Потребно е да се обезбедат информации во врска со начинот на превенција од ширење на вирусот во пристапен формат и на разбирлив јазик за деца и лица сместени во јавните установи.

Да се преземат мерки за редовно и во доволни количини обезбедување на средства за дезинфекција и опрема за лична заштита во јавните установи и згрижувачките семејства.

Центрите за социјална работа континуирано да ја следат здравствената состојба и мерките кои ги преземаат згрижувачките семејства со цел заштита и превенција од коронавирусот, и доколку е потребно да ги поддржат згрижувачките семејства во обезбедување на финансиски средства за правење тестови за откривање на постоењето на вирусот Ковид-19.

Ресорните министерства за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, како и локалната самоуправа, координирано да спроведат акции за обезбедување технички уреди и пристап до интернет за сите ученици сместени во згрижувачки семејства, како и обука на згрижувачите за подигнување на нивните дигитални вештини, за да можат да им помогнат на децата за кои се грижат во услови на учење од далечина.

Да се преземат мерки со цел навремено идентификување и времено исклучување од работа на симптоматските членови на персоналот од јавните установи, при што за истите треба веднаш да се најде замена, со цел квалитетот на давањето на услугата да остане непроменет.

Посетите и контактите на корисниците сместени во јавните установи со нивните семејства и блиски роднини да се одвиваат непречено, со задолжително придржување кон мерките и протоколите од надлежната Комисија, а при евентуални ограничувања на контактите со надворешниот свет, вклучително и посетите, истите треба да се компензираат со зголемен пристап до алтернативни средства за комуникација, како што се телефонски или интернет-базирани комуникации.

Вработените во установите/институциите строго да се придржуваат до Протоколите за спречување на ширењето и контрола на инфекцијата пришто вработените ќе даваат јасни насоки кон корисниците/ пациентите за почитување на правилата.

Да се преземат мерки во случај/и на суспектни заболени, лицата сместени во институционална форма на згрижување да бидат навремено и соодветно тестирани, а доколку некое дете/лице е во изолација, да се преземат мерки со цел на дневна основа да му се обезбеди можност за одржување на безбеден контакт, имајќи ја предвид ранливоста на овие лица и нивната потреба за разговор и поддршка.

Со цел да се превенираат последиците од евентуално нов бран од епидемијата, односно да се минимизира нејзиното влијание Народниот правобранител препорачува да се преземат мерки за да се осигура дека постојат планови за континуирано обезбедување поддршка и помош за овие лица сместени во институциите, вклучително и за лицата со попреченост,особено во услови кога негувателите и давателите на услуги не можат да одржуваат социјална дистанца.

Народниот правобранител посебно укажува да се има предвид дека мерката за социјално дистанцирање, особено ги погодува лицата со попреченост, па оттаму да се обезбедат услови за обезбедување и давање на психосоцијална поддршка и механизми на заштита на менталното здравје кои мора да бидат достапни за лицата со попреченост вклучително и за оние кои живеат во установи за згрижување.

Покрај горенаведеното, препорачува обезбедување на континуирана поддршка на персоналот во институциите со цел зајакнување на нивните компетенции со знаење за Ковид-19, како и вештини за давање психосоцијална и друга специјализирана поддршка на корисниците/пациентите, притоа осигурувајќи дека во секое време персоналот е доволен.

Во однос на правото на образование, препорачува да се обезбеди целосна поддршка на учесниците во образовниот процес, и да се осигура дека платформите за учење на далечина се јавно достапни, и истите содржат насоки за безбедно и достапно образование и за деца со попреченост; обука на наставниците за поддршка на децата со попреченост од далечина и преземање на мерки за да се обезбеди континуитет и непречено образование за секое дете.